РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-318/2
14-07-2025

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 20-та седница, одржана на 04.07.2025 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

Пријавата за покренување постапка за утврдување состојба на судир на интереси заведена под број 09-318/1 од 22.01.2025 година, против лицата -------, извршен директор на -------------- и ------------, спортски директор на -------------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување во предметниот случај.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на пријава од познат подносител оформен е предмет број 09-318/1 од 22.01.2025 година. Во пријава се изнесени наводи дека лицето ---------- е извршен директор на ----------, додека неговиот татко ---------- е спортски директор на -----------, во чија организација е споменатиот фестивал.

Од увидот во Тековната состојба од Централниот регистар на РСМ за ------------ е наведено дека правното лице има статус на спортско здружение со извршен упис во Регистар на здруженија и сојузи.

Согласно член 1 од Статутот на Олимпискиот комитет на Северна Македонија:

> „ Олимпискиот комитет на Северна Македонија е највисока Олимписка и спортска невладина и неполитичка организација – здружение на граѓани во која конститутивни членки се националните спортски федерации од олимписките спортови. Олимпискиот комитет на Северна Македонија, Олимписка и спортска организација која што припаѓа на Олимпиското движење, застапуван од долупотпишаниот е формиран врз основа на Олимписката Повелба, законот за здруженија на граѓани и фондации на Република Северна Македонија. Олимпискиот комитет на Северна Македонија е Олимписко и спортско здружение во кое може да се зачленуваат Националните спортски федерации од Република Северна Македонија, од олимписките и не олимписките спортови. Олимпискиот комитет на Северна Македонија е формиран на 20 Март 1992 година, во Скопје и е признат од страна на Меѓународниот олимписки комитет (ИОК), на 101-та сесија, одржана на 23 Септември 1993 година, во Монте Карло. Олимпискиот комитет на Северна Македонија е член и на АНОК (Асоцијацијата на Националните олимписки комитети, ЕОК (Европските олимписки комитети), АБНОК (Балканска асоцијација на олимписки комитети), Меѓународниот комитет на Медитеранските игри (МКМИ) и ЕНГСО (Европска асоцијација на невладини спортски асоцијации) како и на други соодветни меѓународни Олимписки и спортски асоцијации. Олимпискиот комитет на Северна Македонија со овој Статут се обврзува да ги почитува одредбите на Олимписката повелба и Светскиот антидопинг код и да ги почитува одлуките на ИОК. “

Согласно член 8 став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси под поимот „службено лице“ се подразбираат сите избрани или именувани лица и вработените во јавниот сектор.

Имајќи го предвид горенаведеното, лицата ----------, извршен директор на ---------- и ----------, спортски директор на ------------ не влегуваат во категоријата на службени лица согласно член 8 став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, заради што Државната комисија оцени дека нема елементи за надлежно постапување по наводите од пријавата.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Заменик претседател

м-р Билјана Каракашова Шулев

По заклучок од седница на ДКСК,
Изработил: м-р С.М – советник
Контролирал: К.З. – раководител

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk